

УДК. 75.046.035.1(497.7)

Сашо ЦВЕТКОВСКИ

# НЕКОЛКУ НЕПОЗНАТИ ИКОНИ ОД XVIII ВЕК ВО ЦРКВИТЕ НА ОХРИДСКА ДЕБАРЦА И КИЧЕВСКО

Истражувањата на живописот од доцниот среден век во пределите на охридска Дебарца и Кичевско овозможија да се откријат неколку вредни и досега непознати иконописни дела од последните децении на XVIII век со ретка тематика, необична иконографија и високи стилско-ликовни квалитети.

Станува збор за две икони од црквата Св. Богородица во селото Ботун, Дебарца и две икони од црквата Св. Атанасиј во селото Јагол Доленци, Кичевско.

Црквата Св. Богородица во село Ботун е малку познат и недоволно проучен споменик на уметноста од времето на Преродбата во охридска Дебарца од втората половина на XIX век.[1] Ктиторскиот натпис, испишан на јужниот ѕид до влезните врати ни открива дека истата е изградена во 1859 г., со труд и пожртвуваност на селаните од Ботун, а фрескоживописана е во 1895г. од браќата зографи Крсте и Костадин Николови од с. Лазарополе.

Иконите за иконостасот, престолните и апостолите ги слика Аврам Дичов во 1871 г., како и една проскинитарна икона, Вознесение на пророк Илија, на која и се потпишува: **йзъ р8кй авраамъ дѝчовъ**. 1871.

Досега црквата Св. Богородица во село Ботун меѓу истражувачите на средновековната уметност единствено беше споменувана по царските двери од 16 век, сега изложени во галеријата на икони во Охрид.[2]

Покрај иконите на Аврам Дичов во црквата идентификувавме и две постари икони, проскинитарната икона на Богородица со Христос и житијната графичка икона на св. Јован Крстител од 1793 г.

Со посебен раскош се одликува иконата на Богородица (**МР ΘΥ**) со Христос (**IC XC**) седната на престол декориран со палмети и други цветни орнаменти, како и антропоморфни претстави на птици и ангелски сили. (**сл. 1**) Особено е впечатлива парадната поставеност на фигурата на Богородица, која на левата нога го носи Христос прегрнувајќи го со едната рака, а со другата наместо да укажува кон него, мирно ја спушта на Христовата нога. Нејзиниот окерно-црвен мафорион по рабовите е декориран со златожолт паспул и ромбоидни мотиви со имитација на скапоцени камења, додека на десниот ракав под паспулот се извезени златни препендули што се спуштаат по должината на ракавот.

Христос е претставен во бел хитон и црвен химатион, со сфера во левата рака поделена со златна лента на три полиња, симболизирајќи ги вселената, денот и ноќта, а со десната благословува.

Приложнички запис или зографски потпис на иконата не се сочувани, но голема е веројатноста да биле испишани во долниот дел на иконата од десната страна, каде што сега иконописот е скоро целосно оштетен, а дрвениот носачот нагорен.

Иконата по своите стилско-ликовни особености ја атрибуираме како дело на корчанските зографи од втората половина на XVIII век, а како најблиска до работилницата на Константин и Атанас зографи и, секако, Трпо зограф.

Свечаниот, параден, но стегнат и вкочанет изглед

---

[1] Единствен осврт на фреските со посебно истакнување на композицијата на Седмочислениците, како и укажување за зографите кои сликаат cf. C. Grozdanov, *La composition des sept saints slaves (Седмочисленици,* Επτάριθμοι*) dans la peinture de l' archevêché d' Ohrid*, Климент Охридки живот и дело, Кирило-методиевски студии, кн.13, София 2000, 38-39; Г. Ангеличин-Жура, *Христијански храмови и свети места во Охридско*, Охрид 2007, 15

[2] К. Балабанов, *Иконите од Македонија*, Београд-Скопје, 1969, XXV, фиг. 51; Г.Ангеличин-Жура, *Страници од историјата на уметноста на Охрид и Охридско (XV-XIX век)*, Охрид 1997, 214, сл.6; М. Георгиевски, *Галерија на икони- Охрид*, Охрид 1999, 32-33.



*Сл. 1. икона, Богородица со Христос, црква Св. Богородица с. Ботун, втора половина на XVIII век*



*Сл. 2. икона, Богородица со Христос, црква Богородица Живоносен источник, Корча, 1752 г. (според Th. Popa)*

на Богородица и Христос, широко отворените очи подвлечени со тенка линија, светлозелениот инкарнат со благи црвени нијанси и тонови, наборите на раскошниот мафорион што ја следат линијата на телото и раката придонесуваат за една нагласена монументалност. Стремежот кон декоративноста на формите е изразен со сликање на ѕвездите на мафорионот, како и тенките златни препендули на надлактицата на десниот ракав.

Во горниот дел на иконата, носени на облак, кон Богородица се свртени архангелите Гаврил и Михаил, кои во едната рака носат отворени свитоци, а со другата благословуваат.

Како непосредна аналогија на иконата од Ботун ги наведуваме неколкуте икони на Богородица со Христос, потпишани или атрибуирани како дела на браќата Константин и Атанас зографи: иконата од 1752 г., сликана како престолна икона за иконостасот во црквата Богородица Живоносен источник од Корча,[3] (**сл. 2**) двете икони од 1757 год. сликани за католиконот на манастирот Св. Јован Рилски, иконата Богородица на престол (**сл. 3**) и иконата на Богородица со Христос зедно со св. Ѓорѓи и св. Димитриј,[4] (**сл. 4**) како и иконата од 1783 г., сликана за манастирот Ксиропотам на Св. Гора Атонска.[5] Овие четири икони покажуваат идентична иконографија со иконата од Ботун, Богородица на престол, кој секогаш е раскошно декориран со сликање на флорални апликации и мотиви, а понекогаш и претстави на пророци и апостоли. Свечениот, вкочанет став на Богородица, положбата на десната рака со која не укажува кон Христос, туку едноставно ја спушта на коленото, како и претставата на Христос со отворениот свиток и сферата, се иконографски поединости кои идентично се повторуваат на сите овие икони. Како важна аналогија во смисла на типолошка идентичност со ликот на Богородица од Ботун, ја

---

[3] Th. Popa, *Icônes et miniatures du Moyen âge en Albania*, Tiranë 1974, 83.

[4] И. Гергова, *Стенописите "Хиландарския параклис " Св. йоан Рилски*", Светогорска обител Зограф, III, София 1999, 339-341, ил. 1-2; М. Енев, *Рилски манастир*, София 1997, 397, ил. 348; Е. Мутафов, И. Гергова, А. Куюмджиев, Е. Попова, Е. Генова, Д. Гонис*, Гръцките зографи в България след 1453 г.*, София 2008, 33, 71, 125, 150, ил. 13, 15 ( Е. Попова)

[5] Г. ΧΡ. ΤΣΙΓΑΡΑΣ, ΟΙ ΖΩΓΡΑΦΟΙ ΚΩΝΣΤΑΝΤΙΝΟΣ ΚΑΙ ΑΘΑΝΑΣΙΟΣ ΑΠΟ ΤΗΝ ΚΟΡΥΤΣΑ, ΤΟ ΕΡΓΟ ΤΟΥΕ ΣΤΟ ΑΓΙΟΝ ΟΠΟΣ (1752-1783), ΑΘΙΝΑ 2003, 452, πιν. 200.



*Сл.3. икона, Богородица со Христос, манастир Св. Јован Рилски, 1757 г.*



*Сл. 4. икона, Богородица со Христос, св. Ѓорѓиј и св. Димитриј, манастир Св. Јован Рилски, 1757 г.*

наведуваме иконата на св. Петка од црквата Св. Герман на Преспа, каде што зографите Атанас и Констатин ги остваруваат раните, почетни дела во својата долга сликарска кариера. Иконата неодамна беше за првпат објавена и атрибуирана како дело на оваа сликарско ателје.[6]

Токму поради овие блискости иконата од Ботун ја атрибуираме како дело на оваа зографска работилница, нагласувајќи ја улогата на Трпо зограф. Самиот Трпо, син на Анастас, во 1787 г. за црквата Св. Богородица во Веѓе, Пермет, слика идентична икона на Богородица со Христос (**сл. 5**), која ги содржи сите иконографски особености што ги издвоивме како иманентни за претходно наведените претстави, и се разбира, за новооткриената икона од Ботун.[7] Многу блиски, скоро идентични во смисла на својата монументалност и типологија и стилот ги наведувеме и претставите на Богоридица од конхата на апсидата на манастирот Св. Наум, која Трпо ја сликал во 1806 г.[8] (**сл.6**), претставата на Богородица од иконата на Трпо од 1800 г. од музејот во Корча,[9] како и претставата на Богородица на иконата Живоносен источник од Сливничкиот манастир, исто така од 1800 г.[10]

Иконата од Ботун, која ние според стилско-ликовните особености ја атрибуираме на работилницата на зографите Констатнтин и Атанас од Корча, односно Трпо зограф, всушност, би претставувала континуитет и проширување на бројот на веќе познатите дела на овие зографи во охридскиот иконопис од втората половина на XVIII век и самиот почеток на XIX век.[11]

Иконографскиот тип на Богородоца на престол според сочуваните и досега објавените примери несомнено добива популарност и често е сликан од зографите на Охридската архиепископија во XVIII и првата половина на XIX век, особено застапен во делата на корчанските зографи. Освен иконописните дела атрибуирани на браќата Константин и Атанас и на Трпо зограф, во оваа пригода ги издвојуваме иконите на зографот Константин Шпатараку од црквата Св. Богородица на манастирот Арденица, Лушње, близу до Фиер,[12]

---

[6] В. Поповска-Коробар, *Охридскиот иконопис од XVIII век*, Скопје 2005, 77, сл. 3; За живописот во оваа црква со монографски пристап во претставувањето cf. Μ.Σ. Πελεκαϝιδου, Βυζαντινα και μεταβυζαντινα μνημεια τησ Πρεσπασ, Θεσσαλονικη 1960, 51-105.

[7] *Icons from the Orthodox Communities of Albania*, ed. A. Tourta, Thessaloniki 2006, 177 (E. Drakopulou)

[8] Ц. Грозданов, *Свети Наум Охридски*, Скопје 1995, 151.

[9] *Icons from the Orthodox Communities of Albania*, 178-180.

[10] В. Поповска-Коробар, *op. cit*., 98, сл. 7.

[11] *Ibid.,* 73-80, 93-99

[12] Y. R. Drishti, *Kostandin Shpataraku*, piktori i artit mesjetar shqiptar, Tiranë 1992, 10-16, il. 8.



*Сл. 5. икона Боīородица со Хрисѿос, црква Св. Боīородица, Веќе, Пермеѿ, 1787 ī. авѿор Трӣо Зоīраф.*

иконата атрибуирана на Јован Четири Грабован од 1798 г., сликана за црквата Св. Ѓорѓи во Фиер,[13] и посебно важно за нас, со оглед на значењето на нивниот ангажман и живопис во Македонија од првата половина на XIX век, иконите сликани од зографите припадници на семејството Анагности од Самарина. Поновите истаражувања на црквите во Самарина, Гревена, Северен Епир, овозможија да се добие увид во самите почетоци и најраните дела на зографот Михаил, најекспонираниот од семејството Анагности.[14] Михаил за црвите во Самарина слика неколку престолни икони на Богородица на престол со Христос, на кои се видливи посочените иконографски особености: иконата од 1811 г. сликана за иконостасот на црквата Успение на Богородица во Самарина, иконата од

[13] *Icons from Orthodox Communities of Albania*, 188-189
[14] Ν.Χ. ΠΑΠΑΓΕΩΡΓΙΟΥ, ΤΟ ΚΑΘΟΛΙΚΟ ΤΗΣ ΑΓΙΑΣ ΠΑΡΑΣΚΕΥΗΣ ΚΑΙ Ο ΝΑΟΣ ΤΗΣ ΜΕΤΑΜΟΡΦΩΣΕΩΣ ΤΟΥ ΣΩΤΗΡΟΣ ΣΑΜΑΡΙΝΑΣ ΓΡΕΒΕΝΩΝ, ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗ 2004, passim



*Сл.6. Боīородица со Хрисѿос, конха на айсида, каѿоликон на манасѿироѿ Св. Наум, 1806 ī., авѿор Трӣо Зоīраф.*

1815 г. сликана за иконостасот на црквата Преображение Христово, исто така во Самарина, и можеби највпечатливата од нив, иконата од 1821 г. од црквата Св. Апостол во Клина.[15] Подоцна, во 1831 г. Богородица на престол со Христос, Михаил зограф и Димитар (Данил) сликаат и за католиконот на манастирот Св. Јован Бигорски,[16] при што, само помеката моделација, третманот на драпериите и пробарокната поставеност и изведба на декоративните мотиви во заднината, оваа икона ја прави поразлична од икона во Ботун. (**сл.7**)

Графичката хартиена икона што го привлече нашето внимание во црквата во Ботун, и покрај оштетувањата претставува извонредно важен и редок графички-бакрорезен отпечаток настанат на самиот крај на XVIII век.
Всушност, станува збор за *житијна икона на св. Јован Претеча*, чијашто претстава доминира во

[15] Ibid, 296, πιν. 99,α-γ.; πιν. 100, β-γ.
[16] Ј. Тричковска, *Тематиката на живописот на машката трпезарија во манастирот Св. Јован Бигорски,* Манастирот Свети Јован Бигорски, Скопје 1994, 142, заб. 9, без репродукции на иконата; колор фотографија е публикувана во популарна монографија за манастирот, Cf. *Бигорски манастир Свети Јован Крстител*, (2008), текст С. Савески.



*Сл. 7. икона, Богородица со Христос, манастир Св. Јован Крстител Бигорски, 1831 г., автори, Михаил и Данил од Самарина*



*Сл. 8. хартиена икона, св. Јован Крстите со сцени од житието, црква Св. Богородица с. Ботун, 1793 г.*

средишниот дел од иконата со сцени од неговото житие сликани во издвоени квадратни полиња на маргините. (**сл.8**)

Во средишниот дел од иконата е насликана фигурата на св. Јован Крстител во цел раст, ангел со раширени крилја, во својот традиционален мелот од кожа на камила и наметка стегната околу појасот. Со десната рака благословува, а со левата го држи долгото жезло на кое е закачен и развиениот свиток. Под неговите нозе е претставен нискиот планински пејзаж и реката Јордан. Сигнатурата: Ο ΑΓΙΟΣ ΙѠΑΝΝΗΣ Ο ΒΑΠΤΙΣΤΙΣ, исто така е испишана под неговата претстава.

Од левата страна и покрај оштетувањата може да се идентификуваат следните сцени: Фрагмент од натпис што се однесува на композицијата “Смрта на Захариј”, Благовестите на Захариј, Средбата-Прегратката на Елисавета и Марија пред златната порта, Раѓањето на Јован Претеча (Η' Γεννησις τȣ Προδρόμȣ) Бекствот на Елисавета и Јован во пустината, и Ангелот Господов го води Јована во пустината.

Горната рамка од иконата е целосно оштетена, така што, од некогашната композиција сега се чита само зборот со името: Η' ρώδȣ

Истото се однесува и за двете почетни композиции на десна страна, кои целосно се оштетени, а под нив се следат композициите на Крштевањето Христово, Следете го Господ како јагнија, Јован пред Ирод (судењето на Јован) и Усекованието на Јован. На долниот раб на иконата е испишан приложнички натпис во два реда, кој поради својата изблеленост е читлив само на одредени делови, така што, сега од неговата содржина јасно се чита само името на јеромонахот Партениј и монахот Паисиј од островот Закинтос, како и годината αψγг (1793 г).

Книжната икона, односно бакрорезот на Јован Крстител спаѓа меѓу ретките од овој иконографски тип и оваа типографска серија. Во таа смисла, како единствена аналогија ја посочуваме идентичната книжна икона од колекцијата на А. Бициос, од островот Хидра, објавена од страна на Дори Папастратос во нејзиниот волуминозен преглед на хартиени икони.[17] (**сл.9**)

Иконата од Хидра поради својата целосна сочуваност може да послужи како прототип за дополнување и целосна реконструкција на оштетените и изгубените делова на иконата од Ботун.

Сочуваниот ктиторски натпис на иконата од Хидра, кој, како што видовме, на иконата од Ботун

[17] D. Papastratos, *Paper Icons, Greek Orthodox religious engravings 1665-1899*, volume II, Athens 1990, 429-430, No. 458.



*Сл.9. харт̄иена икона, св. Јован крст̄ит̄ел со сцени од жит̄иет̄о, скит̄ Св. Ана, манаст̄ир Ивирон, 1793 г̄. ( сп̄оред D. Papastratos)*



*Сл.10. икона, св. Ат̄анасиј Александриски, св. Ант̄ониј, св. Кузман и Дамјан, црква Св. Ат̄анасиј, с. Јаг̄ол Доленци, 1780 г̄.*

може да се следи само на одредени делови, ни ја открива провиниенцијата на иконата, ктирорите и побудите што ги поттикнале на овој ктиторски потфат.

Ктиторскиот натпис од иконата во Хидрија го даваме во превод:

„*Оваа света икона беше изгравирана во бакар со помош на велечесниот свештеник господин Партениј и неговиот брат по крв, монахот Паисиј, родени на островот Закинтос, и печатена на нивни трошок и со нивно пожртвување во корист на православните верници. Во годината 1793 во месец септември*“

Имињата на свештеникот Партениј и монахот Пајсиј, како и годината 1793, се читаат и во ктиторскиот натпис на иконата од Ботун.

Нема сомнение дека се работи за еден ист, идентичен графички отпечаток кој е настанат во месец септември 1793г. во некоја од типографиите во Венеција. За жал, граверот - уметникот ќе остане непознат бидејќи неговото име не е запишано во приложничкит натпис на иконата.[18]

Нема сомнение дека свештеникот Партениј и монахот Паисиј, родени браќа, биле поврзани со Света Гора Атонска, манастирот Ивирон и скитот на св. Јован Претеча. Овој скит, лоциран во близина на манастирот Ивирон, е основан во 1730 г. додека главниот католикон е изграден во 1779 г.[19] Не е исклучена можноста монахот Паисиј да бил еден од подвижиниците во братството на скитот на Св. Ана.

Имајќи го предвид сето ова, со голема сигурност можеме да пристапиме кон дополнување и реконструкција на оштетените сцени на иконата од Ботун.

Во горниот дел на иконата меѓу оштетените сцени од циклусот на Јован претеча е: композицијата на Гозбата на Ирод, којашто го зафаќала целиот горен ред, со епизодата на Саломе како ја носи главата на Јован Претеча.

На десната рамка, двете оштетени сцени може да се реконструираат со едно од трите пронаоѓања на главата на Јован Крстител, најгоре во самиот агол, и под него, сцената св. Јован Крстител им проповеда на Јудејците.

Од левата страна во вертикалниот низ композиции, во најгорното поле, била претставена композицијата Смрта на првосвештеникот Захариј.

Најдолу, под претставата на Јован Крстител е приказот на скитот, односно целиот комплекс со главната црква во преден план и останатите помали градби, како и натписот: Η' Σκήτο τȣ τιμίȣ Προδρομȣ σποδω τȣ Ιβίρων.

Покрај исклучителната реткост, иконата од Ботун можеме да ја вброиме и меѓу постарите графички икони во Македонија идентификувани од крајот

[18] Ibid, 429.

[19] Ibid, 430.



*Сл. 11. икона Богородица Елеуса - Кикоска, црква Св. Атанасиј с. Јагол Доленци, втора половина на XVIII век.*



*Сл.12. икона, Богородица Елеуса-Кикоска, галерија на икони во Прилеп, втора половина на XVIII век.*

на XVIII век.[20] Како стигнала иконата во црквата во Ботун засега останува непознато. Врските на нашите манастири и верници со манастирите на Атос во XVIII и XIX век се интензивираат, што се потврди и со откривањето на поголемиот број графички икони во црквата Св. Димитриј во Прилеп,[21] па најверојатно и иконата во Ботун е донесена од Света Гора и самиот скит на Ивиронскиот манастир. Од друга страна, не смееме да ја отфрлиме и можноста, што често се потврдува при теренските проверки на црквите, ова графичка икона да припаѓала на некоја друга црква и оттаму да е донесена во црквата во Ботун.

* * *

Во Кичевско, во црквата Св. Атанасиј во село Јагол Доленци,[22] идентификувавме уште две икони од XVIII век, досега непознати на истражувачите на уметноста од доцниот среден век. Двете икони се со помали димензии и, всушност, се најстари икони во ова црква.

Денешната црква е изградена некаде кон средината на XIX век, но пред дваесетина години целосно е обновена. При оваа обнова и реконструкција, стариот иконостас е заменет со нов, како и иконите кои се дислоцирани на галеријата во западниот дел од црквата. Овие икони, престолни, празнични и апостоли се сликани во 1850 г., што укажува дека првобитната црка е изградена во годините пред средната на XIX век.

Немаме сигурни податоци што би укажувале дека на местото на денешната црква постоел постар објект кој во XIX век бил обновен.

Двете икони од XVIII век се со помали димензии и се одликуваат со интересна иконографија. На едната икона се насликани св. Атанасие Александриски во архиерејска одежда, сакос, омофор и архиерејска митра на главата, до него е претставен св. Антониј Велики во црна монашка риза, качулка на главата и со отворен свиток во едната и бројаница во другата рака. (**сл. 10**)

Во долната половина од иконата се насликани светите бессребреници св. Кузман и Дамјан, со своите вообичаени атрибути и карактеристичната одежда. (**сл. 10**) Годината на сликањето на икона-

[20] Cf. Ј.Чокревска-Филип, *За постарото графичко наследство во Македонија*, Скопје 2003, passim.

[21] *Графички листови од XVIII-XIX век од збирката на музеј Прилеп*, Прилеп 2006, passim, (текст и каталог С. Алексоска).

[22] За селото Јагол Дленци cf. Т. Смиљанић, *Кичевија*, Насеља и порекло становништва, књ. 28, уредио Ј. Ердељановић, Београд 1935, 434-436; М. Панов, *Енциклопедија на селата во Македонија*, Скопје 1998, 138.



*Сл.13. икона, Богородица Милујаштаја, галерија на икони Прилеп, крај на XVIII почеток на XIX век.*

та – 1780-та, е испишана под претставата на александрискиот архиерej.

Иконата ја артрибуираме на работилницата на браќата Константин и Атанас зографи од Корча, на што не наведуваат стилските особености, посебно начинот на сликање на светците и нивната карактеристична типологија. Инаку, по своите мали димензии иконата се вклопува во опусот на браќата, односно иконите кои неодамна се открија во Охрид, сликани околу 1750 г. за црквата св. Богородица Перивлепта.[23] Од друга страна, и самата концепција на иконата, поделеноста на две зони, сликање и групирање на светците кои заедно се прославуваат или пак имаат некоја меѓусебна врска, дополнително оди во прилог на предложената атрибуција.

Посебен интерес предизвикува иконата на *Богородица Елеуса-Кикоска*, бидејќи претставува еден од ретките примери во уметноста на Македонија од доцниот среден век.(**сл.11**) На иконата е претставена допојасна Богородица со глава приклонета кон Христос, кого го носи на својата лева рака. Христос е насликан во едно живо и динамично движење на телото, во краток хитон што ги открива неговите раце и нозе. Левата рака ја има испружено и ја држи-зафаќа карактеристичната, богато декорирана наметка префрлена преку главата и рамената на Богородица над вообичаениот мафорион. Во другата, десната рака, придржувана од Богородица, Христос носи развиен свиток со испишан текст: Πνευμα κυρίου ἐπ ἐμὲ ου εἵνεκεν ἔχρισέν με εὐαγγελίσαθαι πτωχοῖς (Духот Господов е врз Мене; затоа ме помаза да им соопштам радосна вест на бедните) преземен од книгата на пророк Исаија (Ис. 61.1) и евангелскиот текст на Лука. (Лк. 4.18)[24]

Иконата нема ктиторски натпис, ниту година кога е насликана. Според стилските одлики, посебно моделирањето на ликовите на Богородица и Христос, како и нивната типологија, иконата ја датираме во времето на втората половина на XVIII век. Токму од XVIII век се сочувани и најголем број икони од иконографскиот тип на *Елеуса-Кикоска*.

Оваа икона, како и самиот иконографски тип, во православниот свет ужива голема почит бидејќи преданието ја поврзува со една од неколкуте чудотворни икони што ги насликал апостолот и евангелист Лука.[25] Токму затоа наговиот лик и неговата претстава е присутна речиси во сите копии и реплики, особе-

---

[23] В. Поповска-Коробар, *op. cit*., 79-81

[24] За иконографскиот тип на Богородица Елеуса-Кикоска, cf. М. Татић-Ђурић, *L' icône de la Vierge Kykkotissa,* EKMIMK, 1, Nikosia 1990, 209-220; Idem, *Чудотворне иконе Богородице на Светој Гори Атонској*, Четврта казивања о Светој Гори, Београд 2005, 48-54, сл.1; L. Hadermann-Misguish, *La Vierge Kykkotisa et l'èventuelle origine latine de son voile*, Ευφρόσυνον, tom I, Athens 1992, 179-204; D. Papastratos, *op. cit*., tom II, 504-509; Б. Миљковић, *Житија светог Саве као извори за историју средњевековне уметности*, Београд 2008, 70-75; Idem, *La vie de saint Sava de Serbie par Domentijan et les cultes des icons Athonites Thaumaturges de la Vierge*, Byzantion LXXVII, (2008), 316-326, fig.2-4; A. Semoglou, *Le voile "miraculeux " de la Vierge Kykkotissa et l' icône du "miracle habituel" des Blachernes: un cas d' assimilation dans l' iconographie buzantine*, Cahiers Balkaniques 34, Paris 2006, 15-29.

[25] Посебно на оваа инсистира М. Татић-Ђурић, *Чудотворне иконе на Светој Гори Атонској*, 49-52.




*Сл. 14. икона, Богородица Елеуса-Кикоска, збирка на икони, Музеј на Македонија, Скопје, прва половина на XIX век (фото В.Поповска-Коробар)*

но во графичката продукција и хартиените икони настанати на Света Гора во овој период.[26]
Но старото култно средиште од кадешто се ширел култот на Богородица Кикос е истоимениот манастир на островот Кипар. Преданијата, кои наоѓаат потврда во историските извори, говорат за византискиот цар Алексеј I Комнен (1080-1118) како основач и ктитор на манастирот, заедно со дуксот на островот Кипар Михаил Вутаминат.[27] Во негово време се гради манастирот и чудотворната икона од Цариград и црквата во Влахерна се пренесува на Кипар во нејзиниот манастир, од каде што во следните векови ќе зрачи и ќе се шири најзиниот култ, а иконографскиот тип ќе биде основа за оформување на иконографски типови на Богородица со различни епитети (Фобриотиса, Портаитиса и Аксиос Естин)[28]

Во основа, главниот иконографски мотив, односот на Богородица и Христос, јасно упатуваат на умилителен тип, кој е истакнат и со сигнатурата Елеуса- Милостива. Но главната особеност на иконографскиот тип на Богородица Кикоска е велот што го носи Богородица над нејзиниот мафорион. На многу примери, почнувајќи од најстарите од XII век,[29] а подоцна и бројните графички икони од XVIII и XIX век, вклучително и претставите на Богородица *Axsios Estin*[30] како и на нашата икона, велот е јасно насликан, префрлен преку главата на Богородица спуштајќи се по рамената и рацете, богато декориран со цветни орнаменти и мотиви. На сите икони сигнирани Елеуса Кикоска, Христос со левата рака ја допира оваа наметка, а во другата десна рака носи отворен свиток со карактеристичниот натпис од пророштвото на Исаија и евангелскиот текст на Лука.
Што се однесува до карактеристична наметка над мафорионот на Богородица, меѓу истражувачите на иконографскиот тип Елеуса-Кикоска не постои единствено мислење за потеклото на овој иконографски мотив. Сепак, во поновите проучувања преовладува мислењето дека карактеристичната наметка се поврзува со познатата чудотворна реликвија чувана и посебно почитувана во Влахерската црква во Цариград.[31]
Иконографскиот тип на Елеуса - Кикоса веќе нагласивме дека својот подем го доживува во текот на XVI век на Кипар, додека на Балканот и на Света Гора од XVIII век. Токму од овој период се сочувани и многубројни графички хартиени икони, кои покажуваат идентична иконографија со нашата икона од Јагол Доленци.
Покрај главниот мотив на Богородица и Христос, овие графички отпечатоци или икони тематски се прошируваат со други композиции или, пак, мали циклуси поврзани како со преданието за евангелистот Лука, циклусот за пренесувањето на иконата од Цариград на Кипар во новото култно светилиште и други поединечни сцени.[32] Чести

[26] D. Papastratos, *op. cit*., 504-509, ill. 539-543. На една од најстарите графички икони на Богородица Кикоска, проследена со десетина сцени поврзани со легендата околу нејзиното сликање, пренесување од Цариград на Кипар и изградба на манастирот Кикос, посебно место имаат добиено композициите-сцените со евангелистот Лука, кој ја слика оваа икона. Cf. *ibid*, 504-505, ill. 539
[27] Б. Миљковић, *Житија светог Саве као извор за историју срењевековне уметности*, 71, n.151;
[28] Idem , *La vie de saint Sava de Serbie par Domentijan et les cultes des icons Athonites Thaumaturges de la Vierge*, 318-322; E. N. Tsigaridas, *L' icône de la Vierge «Axion Estin» du Prôtaton et ses copies*, ЗРВИ 44/2, (2007), 341-351; За реинтерпретација на самиот иконографски тип на Богородица Кикоска во уметноста од XVIII и XIX век во Бугарија, опширно и содржајно, Е. Попова, *Реинтерпретациии на чудотворната икона на Св. Богородица одт Кикос в Българската живопис од края на 18-19 век*, Проблеми на искуството, 4, 1998, София 1998, 32-40
[29] М.Татић-Ђурић, *L' icône de la Vierge Kykkotissa,* 212-220; B. Miljković, *loc.cit.*
[30] D. Papastratos, *op. cit*., 492-498, ill. 522-534; 504-509.
[31] A. Semoglou, *op. cit*., 17-29; B. Miljković, *op. cit*., 324-325.
[32] Papastratos, *op. cit*., 505, ill. 539



*Сл. 15. икона, Богородица Елеуса-Кикоска, галерија на икони, Берат (Албанија) 1810 г.*

се и примерите кога оваа наративност изостанува и на иконата покрај главниот мотив се претставува единствено евангелистот Лука.[33] Светогорската традиција, основниот иконографски мотив на Богородица со карактеристичната наметка и положбата на Христос ќе го поврзе со уште една чудотворна икона, *Axsios Estin* (Достојно Ест) која во XVIII и XIX век се здобива со голема популарност и пробив надвор од границите на Света Гора.[34]

Сега би укажале на уште неколку икони на Богородица Елеуса-Кокоска, од просторите на Македонија, кои досега останаа незабележани од истражувачите на уметноста на доцниот среден век. Најпрвин ќе укажеме на идентичната икона на Богородица Елеуса-Кикоска од Галеријата на икони во Прилеп, икона што ги поседува сите особености на иконографскиот тип и која е идентична на иконата од Јагол Доленци. (**сл.12**), како и на уште една икона од истата Галерија, која се одликува со многу мали димензии и целата е под сребрен опков, но ги содржи сите карактеристики на овој икографски тип.[35](**сл.13**) На крај овој преглед би го завршиле со иконата на Богородица Елеуса-Кикоска од збирката икони при Музејот на Македонија во Скопје,[36] датирана кон средината на XIX век, но со одредени иконографски отстапувања суштествени за овој иконографски тип на Богородица. (**сл. 14**)

Убав пример на икона на Богородица Елеуса-Кикоска се чува во Музејот на Онуфриј во Берат. Иконата датира од 1810 г. е дело на Јован Четири од Грабово. Врамена во убава резбана рамка што наликува на раскошен проскинитар со јасно испишана сигнатура, Елеуса-Кикос ги содржи сите иконографски особености, блискиот, милостив

[33] Ibid., 507-509, ill. 540-543

[34] Ibid., 491-498; E.N.Tsigaridas, *op. cit.*, 343-351.

[35] Голема благодарност му искажувам на колегата Илија Велкоски од Галеријата на икони во Прилеп, на неговата љубезност и можност малата икона да ја видам без сребрениот опков.

[36] Благодарност за информацијата и отстапената фотографија и изразувам на д-р Викторија Поповска-Коробар, кустос советник во Музејот на Македонија во Скопје.

однос на Богородица и Христос, специфичната декорирана наметка над мафорионот, положбата на Христовата фигура, кој со едната рака го фаќа велот, а во другата носи свиток со испишан текст по книгата на пророкот Исаија.[37](**сл.15**)
Четирите икони што ги презентравме во овој текст претставуваат само дел од материјалот што успеавме да го откриеме при нашите теренски истражувања на спомениците од доцниот среден век во пределите на западна Македонија. Тие се издвојуваат по своите ликовно-естетски вредности, тематски и иконографски особености, не многу чести за времето во кое настанале.
Осумнаесеттиот век се уште претставува еден од најмалку познатите и најмалку истражените периоди од нашата културна историја, во таа смисла нашиот текст претставува прилог кон проширувањето на научните сознанијата за уметничките текови и обемот на уметничкото создавањето во тоа време.

Sašo CVETKOVSKI

## FEW UNKNOWN ICONS FROM THE XVIII$^{th}$ CENTURY AT THE CHURCHES AT DEBARCA (OHRID AREA) AND KIČEVO COUNTY

*Summary*

The researches on the fresco writings of the late middle century in the region of Debarca and Kičevo made it possible that we discover few very valuable and so far unknown icon write works – icons with rare thematic unusual iconography and high artistic and stylistic value.
We are talking about two icons from the church st. mother of God at the village Botun, Debar area, and two icons from the church of st. Athanasius in the village Jagol Dolenci, Kicevo county.
Particularly lavish is the icon of the Virgin with Christ, seated on a throne, decorated with floral ornaments. The donors inscription, or the signature of the master zograf on the icon are not preserved, but the probability is that it was written on the lower right side where now the icon is damaged, burned.
By its stylistic features the icon can be attributed as a work of the zografs workshop from Korca, from the second half of the XVIII$^{th}$ century, and as for the closest to the workshop of Constantine and Athanasius Zografs from Korca, and firstly to Trpo Zograf, son of Athanasius Zograf.
As closest analogy to the icon of the Virgin from Botun, we find it at the few icons of the Virgin with Christ, attributed as a work of the brothers Athanasius and Constantine Zografs. The icon is dated at 1752, and is painted as a throne icon for the iconostasis of the Church of the Virgin at Korca. Both icons from 1757, painted for the catholicon of the monastery St. John of Rila, the icon of the Virgin on a throne as well as the icon of the Virgin with Christ accompanied with st. George and st. Demetrius. Also the icon from 1783, painted for the monastery Xiropotam on Mt. Athos. The similarity with the work of Trpo Zograf we see on few of his icons from the museum in Korca, from the icon of the Virgin at Permet, and particularly with the presentations of the Virgin from the conch of the apse of the monastery St. Naum from 1806, and Virgin from the icon of the Birgin from the Slivnicki Monastery.
These four icons show similar iconography the Virgin is seated on a throne which is always lavishly decorated by presentations of floral elements and sometimes even depictions of prophets and apostles.
Later at 1831, an icon of the Virgin on a throne with Christ, Michael and Demetrius (Danil) are painting for the catholicon of the monastery St. John Bigorski.
On the lower margin of the icon there is donors inscription written in two rows which is readable only at some parts, and we can only from all the content read the name of the monk Partenios, the monk Paisi from the island of Zakinthos, as well as the year 1793.
The paper icon i.e the copper carving of st. John the Baptist is one of the rarest of this iconographical type in this typographic series. In this manner as only

[37] Y. Drishti, L.Çika, *Iconsof Berat*, Tirana 2004, 96-97, cat, 26.

analogy we can point at is the identical icon of the private collection of A. Bicios from the island Hidra, published by Dori Papastratos in her voluminous overview of the paper icons subject.
Tere is no doubt this is a matter of one and the same zografs out print which has originated in the month of September 1793, in some of the typographic workshops in Venice, Italy. Unfortunately the master graver will remain unknown bcos his name is not written or noted on the icon.
In the Kicevo area at the church of st. Athanasius, at the village Jagol Dolenci, we identified two more icons from the XVIIIth century, so far unknown to the scientific community, from the late middle ages. The two icons are with smaller size and they are actually the oldest ones at the church.
On one of the icons there are depictions of st. Athanasius of Alexandria, dressed as high priest, sakos, omofor, archbishop`s cap on his head, next to him is depicted st. Antonius the Great, in a black monk`s robe and a cap, with an open scroll in one hand. At the lower part of the icon the holly doctors are depicted Cosma and Damian, with their usual attributes and characteristically garments. The year of the painting of the icon is 1780, and is written under the presentation of the archbishop from Alexandria.
Of a particular interest is the icon of the Virgin type Eleusa-Kikos, for it represents one of the rarest examples of the art in Macedonia from the late middle ages.
The icon don’t have a donors inscription, neither does have a year of when is painted. According to stylistic features especially by the typology we date the icon at the time of the second half of the XVIIIth century. Exactly from that period XVIII century the largest number of icons of the iconographic type Eleusa-Kikos are preserved.
At the end we would point out few more icons of the Virgin Eleusa-Kikos, from the regions in Macedonia, which were unnoticed so far, by the researchers. Firstly we point out the identical icon of the Virgin Eleusa-Kikos from the Icon Gallery in Prilep, an icon which has the iconographic characteristics of this type, and is identical with the icon from Jagol Dolenci, as well as on one more icon from the same gallery with much smaller dimensions and embroidered with silver frame, but holds all the characteristics of this iconographic type.